**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од КОНСТИТУТИВНАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 12.11.2021 година**

**СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2021 ГОДИНА**

## З А П И С Н И К

**Од Конститутивната седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 12.11.2021 година**

Седницата започна во 11:20 часот со интонирање на химната на Република Македонија.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседавачот на Советот на Општина Гази Баба, **Пенка Чудо.**

На седницата присуствуваа сите новоизбрани членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот, на седницата присуствуваа и: Градоначалникот на Општина Гази Баба - м-р Бобан Стефковски, претставници од општинската администрација, како и претставници од средствата за јавно информирање.

Претседавачот на Советот информираше дека сите новоизбрани членови на Советот уредно ги подигнаа уверенијата за избрани советници од Општинската изборна комисија Гази Баба на ден 26.10.2021 година.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседавач на Совет - **Пенка Чудо:**

За работата на седница на Советот го предложи дневниот ред доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **27 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за избор на Верификациона комисија на Советот на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на Верификационата комисија на Советот на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Одлука за верификација на мандати на членови на Советот на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за избор на претседател на Советот на Општина Гази Баба;
5. Предлог - Одлука за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба; и
6. Предлог - Одлука за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба.

Претрес по материјалите од усвоениот дневен ред:

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за избор на Верификациона комисија на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседавачот на Советот претходно информиран од стручната служба, ги извести членовите на Советот дека начелна согласност за составот на Верификационата комисија која брои 3 члена (претседател и два члена) е постигната помеѓу координаторите на советничките групи. Од тие причини даде пауза за да се состанат координаторите на советничките групи: м-р Александар Каровски - координатор на советничката група на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Александар Саша Димитријевиќ - координатор на советничката група на коалицијата предводена од СДСМ, Дарко Стојановски - координатор на ЛЕВИЦА и Сафет Адеми како единствен претставник застапен во Советот од ДУИ, да ги усогласат своите ставови и да утврдат единствен предлог за составот на Верификационата комисија на Советот на Општина Гази Баба.

Истовремено, Претседавачот на Советот ја задолжи стручната служба по усогласување на ставовите и утврдување на единствен предлог да ја подготви Предлог-Одлуката за избор на Верификациона комисија на Советот на Општина Гази Баба и да ја достави на разгледување и одлучување до Советот.

**По паузата.**

Претседавач на Совет претходно информиран од стручната служба го извести Советот дека е постигната согласност и утврден е единствен предлог за составот на Верификационата комисија на Советот на Општина Гази Баба, изготвена е Предлог-Одлуката и истата е доставена на разгледување и одлучување до Советот.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за избор на Верификациона комисија на Советот на Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА".**

Претседавачот на Советот даде пауза за да се свика седница на Верификационата комисија на Советот на Општина Гази Баба, да се спроведе постапката за верификација на мандати на избраните советници во согласност со Деловникот на Советот на Општина Гази Баба. Истовремено, ја задолжи стручната служба по спроведување на постапката за верификација на мандати на избраните советници да подготви:

- Извештај за верификација на мандати на членови на Советот на Општина Гази Баба,
- Предлог-Заклучок за усвојување на извештајот на Верификационата комисија на Советот на Општина Гази Баба и
- Предлог-Одлука за верификација на мандати на членови на Советот на Општина Гази Баба.

**По паузата.**

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на Верификационата комисија на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседавачот на Советот го покани претседателот на верификационата комисија - **Иван Симоновски**, да поднесе извештај од верификационата комисија.

Претседателот на верификационата комисија, го извести Советот дека комисијата со поединечен увид во документ за лична идентификација утврди дека издадените уверенија се во согласност со утврдените листи на кандидати за членови на Советот на Општина Гази Баба, бр.11-70/1 од 10.09.2021 година, бр.11-76/1 од 11.09.2021 година, бр.11-85/4 од 11.09.2021 година и бр.11-87/2 од 13.09.2021 година и конечните резултати од изборите за членови на Советот на Општина Гази Баба, објавени од Државната изборна комисија со заклучок бр.08-3062/1 од 23.10.2021 година и предлага Советот на Општина Гази Баба да ги верификува мандатите на сите 27 (дваесет и седум) членови на Советот на Општина Гази Баба.

Претседавачот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот на верификационата комисија на Советот на Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА".**

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за верификација на мандати на членови на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседавачот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за верификација на мандати на членови на Советот на Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА".**

Претседавачот на Советот на членовите на Советот им ја честиташе верификацијата на мандатите и ги покани да дадат свечена изјава. Членовите на Советот дадоа свечени изјави истите ги потпишаа и ги предадоа на стручната служба.

**Коментар од стручната служба:**

При проверка на потпишаните свечени изјави се утврди дека членовите на Советот на Општина Гази Баба: Сафет Адеми, Александар Саша Димитријевиќ, Сузана Трпковска, Пенка Чудо, Мирела Потуровиќ, м-р Мартин Ристов и Берат Весел, согласно своите лични ставови своерачно ја додадоа придавката "Северна" во свечената изјава.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за избор на претседател на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседавачот на Советот ги извести присутните за постапката за избор на Претседател на Советот, која начелно е уредена со член 19 од Статутот на Општина

Гази Баба, односно целосно нормативно е регулирана со членови 33 и 34 односно од член 38 - 57 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.

Согласно одредбите од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба изборот се врши по правило со јавно гласање, но по предлог на член на Советот, постапката за избор на Претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање. За предлогот одлучува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број на советници.

Пред да се премине на вообичаената постапка за избор на Претседател со јавно гласање, Претседавачот на Советот праша **дали има предлог за избор на Претседател на Советот со тајно гласање** ?.

Никој не се јави за збор.

Претседавачот на Советот ги покани членовите на Советот да земат збор и да дадат предлози за кандидати за Претседател на Советот.

За збор се јави членот на Советот - **м-р Живко Белчев** (Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

Во име на советничката група на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, за Претседател на Советот го предложи членот на Советот - **ДИЈАНА ИЛИЕВСКА**.

За збор се јави членот на Советот - **Орде Маневски** (Левица):

Во име на советничката група на Левица за Претседател на Советот го предложи членот на Советот - **д-р БИЛЈАНА КРСТЕВСКА**.

Поради тоа што никој друг не даде свој предлог, Претседавачот на Советот констатираше дека се дадени 2 (два) предлога за кандидати за Претседател на Советот, ја затвори расправата и се премина на избор на Претседател на Советот со јавно гласање, согласно утврдениот редослед.

Првиот предлог - членот на Советот **ДИЈАНА ИЛИЕВСКА** да биде избрана за Претседател на Советот на Општина Гази Баба го стави на гласање.

За предлогот **17** членови на Советот гласаа **"ЗА"** .

Советот ја донесе Одлуката за избор на членот на Советот - Дијана Илиевска, за Претседател на Советот на Општина Гази Баба, со **17 гласа "ЗА".**

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот претходно информиран од стручната служба ги извести членовите на Советот дека има начелна согласност за составот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања која брои најмалку 5 члена (претседател и четири члена). Од тие причини даде пауза за да се состанат координаторите на советничките групи: м-р Александар Каровски - координатор на советничката група на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Александар Саша Димитријевиќ - координатор на советничката група на коалицијата предводена од

СДСМ, Дарко Стојановски - координатор на ЛЕВИЦА и Сафет Адеми како единствен претставник застапен во Советот од ДУИ, да ги усогласат своите ставови и да утврдат единствен предлог за составот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба.

Истовремено, ја задолжи стручната служба по усогласување на ставовите и утврдување на единствен предлог да ја подготви Предлог-Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба и да ја достави на разгледување и одлучување до Советот.

**По паузата.**

Претседателот на Советот претходно информиран од стручната служба го извести Советот дека е постигната согласност и утврден е единствен предлог за составот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба, изготвена е Предлог-Одлуката и истата е доставена на разгледување и одлучување до Советот.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА".**

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 12.11.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА".**

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска, ја заклучи Конститутивната седница на Советот на Општина Гази Баба, во **14:35** часот.

**Број 09-4350/2**
**од 15.11.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот